# БАРАНИ ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ВО 2023

| Барање за пристап до информации од јавен карактер, со следната содржина: | До барателот се доставува следната информација од јавен карактер: |
|---|---|

„- За буџетска ставка 480 – Купување на опрема и машини
1.Износи по аналитички конта за синтетичката ставка 480 за Почетниот буџет, ребалансот на Буџетот и Завршната сметка (извршувањето) на Буџетот за 2022 година;
2.Објаснување на причините за намалување на нереализицијата на средствата од буџетската ставка 480 - Купување на опрема и машини за 2022 година, во однос на Почетниот буџет, ребалансот на Буџетот и Завршната сметка (извршувањето) на Буџетот за 2022 година;
3.Список на планирани (без оглед дали со првичниот буџет или со ребалансот), а нерализирани купувања, набавки и плаќања од буџетската ставка 480 – Купување на опрема и машини за 2022 година, со нивната поединечна вредност.

**Ставка 480**-Купување на опрема и машини

| назив | Барани средства со предлог буџ.пресметка за 2022 | Одобрени средства - Одлука бр.02-155/11за кап.инвестиции од СБС од 07.02.2022 | Измена на одобрени средства-Одлука бр.01-948/20 на капитални инвестиции од 26.07.2022 | Измена на одобрени средства-Одлука бр.01-1167/13 на капитални инвестиции од 30.09.2022 | Реализирано по завршна сметка |
|---|---|---|---|---|---|
| Набавка на канцелариска опрема за ИТ центар | 330.000,00 | / | / | / | / |
| Набавка и монтажа на венецијанер ролетни | 600.000,00 | / | / | / | / |
| Набавка на нови сервери и друга опрема за непречено функционирање на акмис систем | 35.077.000,00 | 35.077.000,00 | 43.370.000,00 | 43.370.000,00 | 39.888.309,00 исплатени во 2022 и 2.894.944,00 исплатени во 2023 |
| Опрема за дигитализација на правосудство | 1.140.000,00 | 855.000,00 | 1.131.373,00 | 1.131.375,00 | 1.131.375,00 |
| Набавка на нов УПС уред за ИТ центар | 1.400.000,00 | 1.400.000,00 | 1.400.000,00 | 1.400.000,00 | 1.399.951,00 |
| Набавка на проектори и опрема | 115.000,00 | / | / | / | / |
| Техничка документација за обновување на ЛАН мрежа | 750.000,00 | / | / | / | / |

Во врска со средствата од табела број 1 појаснуваме следново:
Капиталните инвестиции од реден број 3,4 и 5 се целосно реализирани според нашите барања

“- За буџетска ставка 481 – Градежни објекти
Список на планирани (без оглед дали со првичниот буџет или со ребалансот), а нереализирани објекти/проекти со буџетска ставка 481 – Градежни објекти од Буџетот за 2022 година, со наведување на локација на тие објекти/проекти и нивната поединечна вредност“.

Капиталните инвестиции под реден број 2 е реализирана меѓутоа не од ставка 481 туку од ставка 424210-Одржување на згради каде што имавме остаток на нереализирани средства и побаравме пренамена за набавка на венецијанер ролетни. Барањето ни беше одобрено и набавката се спроведе од ставка 424.
Капиталните инвестиции под реден број 1,6 и 7 не беа одобрени во 2022 година согласно нашето барање, но напоменуваме дека овие инвестиции се одобрени со програмата за Капитални расходи за 2023 година и се во тек на спроведување.

1. **Ставка 481**-Градежни објекти

| назив | Барани средства со предлог буџ.пресметка за 2022 | Одобрени средства - Год.програма бр.01-155/12 за кап.инвестиции од СБС од 07.02.2022 | Измена на одобрени средства-Одлука СБС бр.01-948/20 на капитални инвестиции од 26.07.2022 | Измена на одобрени средства-Одлука СБС бр.01-1167/13 на капитални инвестиции од 30.09.2022 | Реализирано по завршна сметка |
|---|---|---|---|---|---|
| Реконструкција на фасада | 10.000.000,00 | 10.000.000,00 | / | / | / |
| Реновирање на покрив на зграда | 600.000,00 | 600.000,00 | / | / | / |
| Реновирање на санитарни јазли | 200.000,00 | / | / | / | / |
| Реновирање на центар за информатика(замена на под,звучна изолација,видео надзор и автоматизиран пПП систем) | 1.520.000,00 | / | / | / | / |

Во врска со одобрените и реализираните средства од табела бр.2-ставка 481-Градежни објекти појасуваме дека средствата одобрени под реден број 1 и 2 за реконструкција на фасада и покрив на судска зграда во вкупен износ од 10.600.000,00 денари не се реализираа во текот на 2022 година и истите со писмен допис беа вратени на Судскиот буџет за нивна натамошна реализација од страна на другите единки корисници на средствата од Буџетот на Судска власт. Средствата не беа искористени од причини што станува збор за обемна капитална инвестиција за која најпрво е изработено вештачење па потоа се доставени дописи до надлежни институции(Влада на РСМ)- за добивање дозвола за реконструкција на фасадата и кровот бидејќи се работи за имот во државна сопственост кој е даден на трајно користење на Врховен суд на РСМ но сопственоста е на Република Северна Македонија.Се уште трае процедурата за обезбедување на целокупната документација.
Средствата под реден број 3 и 4 се одобрени во Програмата за капитални инвестиции во 2023 година.

<table>
<tr>
<td>„1. Прикажани во облик на табеларна рамка во колку случаи, во врменскиот период од 2019 година заклучно со Јули 2023 година, Врховниот Суд на РСМ одлучувал за повреда на судење во разумен рок од областа на управните спорови?“<br><br>„2. Прикажани во облик на табеларна рамка во колку и во кои случаи, од 2019 година заклучно со Јули 2023 година Врховниот Суд на РСМ досудил правичен надоместок на странките поради повреда на судењето во разумен рок во управен спор?“</td>
<td>
<table>
<tr><th>година</th><th>Вкупен број на предмети ПСРРУ– повреда на судење во разумен рок од областа на управни спорови</th></tr>
<tr><td>2019</td><td>73 предмети</td></tr>
<tr><td>2020</td><td>102 предмети</td></tr>
<tr><td>2021</td><td>73 предмети</td></tr>
<tr><td>2022</td><td>120 предмети</td></tr>
<tr><td>31.05.2023</td><td>30 предмети</td></tr>
</table>
<table>
<tr><th>година</th><th>Вкупен број на предмети ПСРРУ - досуден правичен надоместок поради повреда на судење во разумен рок од областа на управни спорови</th></tr>
<tr><td>2019</td><td>31 предмет</td></tr>
<tr><td>2020</td><td>48 предмети</td></tr>
<tr><td>2021</td><td>22 предмети</td></tr>
<tr><td>2022</td><td>41 предмети</td></tr>
</table>
</td>
</tr>
<tr>
<td>„Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, до Врховниот суд на Република Северна Македонија достави допис со кој го извести Врховниот суд за доставено барање за пристап на информации од јавен карактер и препрати дел од барањето во врска со донесено решение од Врховен суд со кое се регулира разграничувањето на надлежноста на судовите да постапуваат по предмети после отварње на стечајна постапка.“</td>
<td>До барателот се доставува решението на Врховниот суд на Република Северна Македонија Р.бр.20/2018 година од 22.02.2018 година</td>
</tr>
<tr>
<td>„Од причини што предходните барања кои биле во врска на воедначена примена на судската пракса и за донесување на правни мислења се бараа погрешни информации со ова барање се појаснува дека се бараат записници кој се изготвуват согласно член 34 од Деловникот за работа на Врховен суд на РМ во кој е внесено извесувањети на судскиот известител и сите изнесени наводи од страна на присатните членови на Оделот за судска пракса по поднесените барања од страна на поднесителот од 03.05.2022 преку архива, на 09.Фебруар 2023 по меил, на ден 26 Фебруари 2023 г по меил и на ден 07.03.2023 преку архива како и по изнесеното известување од страна на известителот по сите четири барања“.</td>
<td>Врховниот суд на Република Северна Македонија, на ден 12.07.2022 година (вторник), одржа седница на Одделот за граѓански дела каде под точка 7 ја разгледа Иницијативата на Душко Чангов од Скопје и Техно-Интерекспорт ДООЕЛ Скопје за донесување на правни мислења по повеќе правни прашања и донесе заклучок со кој барањето за донесување правно мислење не се усвојува.</td>
</tr>
</table>

| | |
|---|---|
| „Докторант сум на Правниот факултет Јустинијан 1 во Скопје. Одобрен ми е докторат со тема Превенција "Превенција и заштита од семејно насилство во македонското и споредбеното право ". За научното истражување имам потреба од официјални податоци за семејно насилство на територијата на РСМ /Вашата институција/ суд во периодот од 1.01.2012 до. 31.12.2022 г. и тоа како следува: | За научното истражување по повод одбрениот докторат со тема – Превенција и заштита од семејно насилство во македонското и споредбеното право на територијата на РСМ од /вашата институција/суд во период од 01.01.2012 до 31.12.2022 година, официјалните податоци може да се добијат на WEB страната на Врховниот суд на Република Северна Македонија со пребарување и анализа во делот „одлуки". |
| „Број на донесени мислења од страна на Врховниот суд за судската практика (сентенци, начелни правни мислења, начелни ставови) за период октомври 2022 – септември 2023 година ". | Број на донесени мислења од страна на Врховниот суд за судската практика (сентенци, начелни правни мислења, начелни ставови) за период октомври 2022 – септември 2023 година :<br>- Општа седница на Врховен суд – 4 (четири) начелни ставови, 1 (едно) начелно правно мислење и 11 (единаесет) заклучоци,<br>- Оддел за казниви дела – 1 (еден) заклучок,<br>- Оддел за граѓански дела - 8 (осум) правни мислења,<br>- Оддел за судење во разумен рок – нема за назначениот период.<br><br>Донесени мислења од страна на Врховниот суд за судската практика (сентенци, начелни правни мислења, начелни ставови) за период октомври 2022 – септември 2023 година се објавени на WEB страната на Врховниот суд на Република Северна Македонија. |
| „Број на одржани средби помеѓу судиите од различни апелациски подрачја и Врховниот суд за судска пракса за период октомври 2022 – септември 2023 година ". | Број на одржани средби помеѓу судиите од различни апелациски подрачја и Врховниот суд за судска пракса за период октомври 2022 – септември 2023 година " - **1 (една) средба**. |
| „Број на одржани седници на Врховниот суд за судска пракса за период од октомбври 2022 – септември 2023 година" | Број на одржани седници на Врховниот суд за судска пракса за период од октомбври 2022 – септември 2023 година" - **2 (две) седници.** |